УДК 821.163.3.09
изворен научен труд

# РОДНИОТ КРАЈ КАКО ИНСПИРАЦИЈА ЗА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

**д-р Славчо Ковилоски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература, Скопје

**Клучни зборови**: Блаже Конески, Небрегово, Златоврв, Прилеп, Маркови Кули, традиција, фолклор, поезија, раскази
**Key words**: Blazhe Koneski, Nebregovo, Zlatovrv, Prilep, Marko’s Towers, tradition, folklore, poetry, short stories

Кога станува збор за Блаже Конески, многу често авторите започнуваат со една можеби излитена, но фраза која е сосема на место: за творештвото на Конески е пишувано многу. Навистина, во изминативе години и децении неговото дело било оценувано и анализирано од голем број македонски и странски проследувачи на неговата поезија, проза, научна работа итн.

За потребите на студијата, која се однесува на влијанието на родниот крај во творештвото и сеќавањата на Блаже Конески, уште на почетокот ќе ги наведам зборовите на Конески кои мошне сугестивно ги кажуваат неговите чувства во однос на доживувањата како дете во родното Небрегово: „Лете често спиевме во дворот, во време на вршидба. Дење, се врши. Навечер се постила слама, тука близу под тој присад и се постилаат некои мутави, па покривачи, перници со слама полнети. Тоа беше за мене едно големо уживање, спиењето надвор, бидејќи ѕвездeното небо беше интересно и понекогаш паѓање на ѕвездите, минување на некои метеори и така натака. Сето тоа ме возбудуваше. Од далеку жабите како крекаат, тој ноќен живот, лаење на пци, сето беше интересно...“ (Андреевски, 1991: 34)

Сликите од родното село, од околната природа (значи, од пределите) од воздухот, од усните искажувања на старите, односно од фолклорот, го отсликуваат интересот на Блаже Конески, кој не завршил ни во староста. Ако во младите години ја опевал моментната ситуација,

моментните чувства што се развивале во него тргнувајќи од Небрегово и Прилеп, патувајќи со возот низ широкото поле, тогаш во зрелите години кај Конески веќе се чувствува носталгија, изразена преку сеќавањата изродени во поетски или есеистички записи. А, чувствата кај Конески, како што забележале повеќемина негови современици, едноставно се чувствувале. Било да станува збор за браќата Миладиновци, било да станува збор за Прличев или, пак, за Небрегово. Без разлика на симболиката, бидејќи преку неа, можеби, Конески уште повеќе умеел да ја искаже својата приврзаност кон својата земја и народ или, како што има запишано Атанас Вангелов – „македонизмот на Конески“: „Македонизмот на Конески е, во прв ред, хуманизам. Тоа значи одбрана на човекот и правото на човек да биде – човек“ (Вангелов, 2002: 29). Тие црни и црвени конци, тој звук на орото, тие бои на златестата планина, зурлаџиите, наланџиите, ножарите и тутунарите, во себе откриваат човек со силно изразена емпатија кон надворешниот и кон внатрешниот свет.

Тргнувајќи од големиот број автори кои на некаков начин проследувале одредени аспекти од богатото дело на Конески, може да се извлече заклучокот дека една од основите на творештвото на Конески е токму чувството стекнато и развиено од ноќите со мирис на слама, од појот на врапците, од вжештените камења на бесшумните ридје и планини. Овие звуци, бои, мириси, допири можат да направат целосно отапување на сетилата, делумно намалување на одредени сетила или, пак, целосно удвојување и засилување на постојните чувства. И, макар што Конески не ја употребува често именката „чувство“, таа во голема мера е вградена во неговата поезија и есеистика, па читателот со отворено срце може да ја прими енергијата што извира од неговиот креативен асортиман.

Човечкиот социјален живот придонесол, покрај примарните, да се развијат и секундарни, односно сложени чувства, наречени уште и социјални чувства. Нив Конески ги синтетизира во чувствата што се најважни за него: моралните, интелектуалните и естетските. И, сите од погоре набројаните својата вредност ја добиваат благодарение на првиот здив на авторот, на воздухот измешан со прав и мирис на овци, со првиот пекот од жешкото пелагониско сонце, кое под сенка знае да предизвика ладовинка од која навираат морници, со првиот мајчин збор, измешан со свирењето на штурците и мукањето на кравите. Конески сето ова постојано го истакнува како негово првочувство, каде што мислата и физиологијата се испреплетени, а сопственото јас го испреплетува со

заедничкото нас, од минатото, сегашноста и од можната иднина. Неговиот успех е што во вака поставените рамки, во физичка и психичка мисла, пронашол начин овие искуства да ги синтетизира и да ги преточи во хуманизам, колективизам, патриотизам, критичност, проникливост и естетика.

Притоа, кај него речиси никогаш ги нема афектите, расположенијата се мошне присутни, слично како и страстите и сентиментите. Дел од нив се создадени по пат на наследство и созревање, а дел со текот на времето, преку социјализацијата. За мене од особена важност се овие првите, чувствата создадени по пат на наследство и созревање, бидејќи сметам дека токму преку нив Конески е признаен за поет. Тој никогаш не е амбивалентен, колку пати и да се враќал кон запечените камења на Златоврв или на Маркокуле, на пример. На прв поглед, тоа се сосема обични камења, кои секој патник гледа да ги претрча што побрзо, бидејќи во зимските денови знаат да подмрзнат и да станат причина за нечија повреда. Летно време, пак, вжештени од неуморното сонце, наликуваат на црепна со вршник, при што не е препорачливо во пладневните часови да се најдете во ситуација на пирустија, т.е. да ве пече одозгора (сонцето) или да ве пече одоздола (земјата и камењата).

Ако на ваков начин се обидеме да навлеземе во внатрешниот свет на Конески, тогаш ќе можеме да ја здогледаме неговата интимна врска со традицијата, потоа напливот на имагинација и употребата на универзалните архетипски мотиви. Тој на претходните облици им дава ново руво, односно наоѓа начин да му го пренесе на читателот веќе познатото, веќе виденото и веќе кажаното. Ова значи дека личното поетско искуство е накалемено врз претходните сознанија, еквивалент на народната традиција. Ваквото искуство, во согласност со народниот дух и со природните карактеристики на авторот, овозможува неговата поезија да се карактеризира на неколку начини: како песна на немирот (Слободан Мицковиќ), како поетика на сеќавањето, односно лирска археологија (Миодраг Друговац), како археологија на сеќавањето (Катица Ќулавкова), како поезија на транстекстуалноста – поетски палимпсест (Ранко Младеноски), како поеми што ги ослушнуваат легендите (Георги Старделов), а авторот се карактеризира како мајстор на описот и мајстор на поентата (Матеја Матевски). Сето ова оди во прилог на тезата дека делата на Конески кои се поврзани со роднокрајните доживувања, на одреден начин, всушност, претставуваат пресликување на фолклорните

традиции, односно на минатото на родниот крај, а потврдуваат дека овие врски „потекнуваат од неговите најрани години“ (Мартиноска, 2012: 25), односно од детството во Небрегово и потоа во Прилеп.

Да се вратиме на почетниот исказ на Конески со доживувањата како дете во родното село. Неговиот јазик е раскажувачки; преживувајќи го повторно ѕвезденото небо, несвесно ја користи инверзијата, таа е, впрочем, длабоко вкоренета во неговата природа. Известувањето за жабите што крекаат и обидот на соговорникот (или читателот) да му се долови тој ноќен живот исполнет со лаењето на пците, сигурно не бил со намера да се употреби одредена стилска фигура (ономатопеја), туку едноставно, израз на преживување, на сеќавање на еден одамна поминат миг.

Самиот Конески во повеќе наврати пишувал за односот на легендите и современата поезија. „Јас“, пишува тој, „вршев иновација, ги вклопував старите пораки во современ израз и ги варирав по начин што му одговара на интересот на современиот човек“ (Конески, 1987: 140). На таков начин Конески врз основа на хипотекстот го гради хипертекстот. Односно, ја зачувува сржта (коренот), а врз неа гради своја приказна, со своја поетика. Всушност, напластувањето повторно оди во прилог на влијанието на народното творештво, чија основна карактеристика е импровизацијата. Токму затоа во некои од творбите на Конески сижето не се развива паралелно со народната умотворба која е цел на обработката, туку, според Атанас Вангелов, „слободно може да се каже дека таа почива таму каде што завршуваат усните преданија“ (Вангелов, 1981: 143). Како потврда на овој став ќе се послужиме и со зборовите на Венко Андоновски: „Неподелено е мислењето и кај другите критичари дека Конески се изразува, од една страна, низ еден кондензиран, навидум едноставен, лирски и интимен исказ но, од друга страна, експериментира и со една специфична ‘поширока’ лирско-епска структура во која се запретани митовите но и мостовите со традицијата/историјата“ (Андоновски, 2000: 156-157). Ми се чини дека сосема доволно е кажано за влијанието на усното творештво врз творештвото на Конески, а во тој контекст и за влијанието на родниот крај, односно баба Дунавка како спроводник на небреговските и на околните прилепски усни кажувања.

Во оваа пригода ќе се задржам на неколку маркери за кои сметам дека треба да се каже нешто повеќе, а кои се во функција на студијава. Тоа се: Златоврв, Марко Крале (со Марковите кули), Небрегово (со

неговиот атар), Прилеп (но, не градот како физичка градба, туку повеќе градот како ментален склоп на карактери).

Првиот маркер се однесува на Марковите кули, во чиј склоп се наоѓа и манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Варош, над Прилеп, како и ликот на Крале Марко, кој природно ѝ припаѓа на оваа целина. Затоа, ќе се послужиме со зборовите на Конески, кој во една пригода запишал: „Роден сум во едно село близу до градот Прилеп во централна Македонија, во средина што уште живееше под сугестијата на оралната поезија и на старите преданија. Легендите, што подоцна ќе најдат обработка и во некои мои текстови, јас не сум ги запознавал од книги, ами сум ги слушал од старите во својата селска куќа, во првото детство, така што и до денеска ме ползува некоја гроза по коските кога ќе се сетам со каков торжествен глас тие го придружувале кажувањето. Уште оттогаш преминала во мене некоја Стерна, страшната подземна вода“ (Конески, 1993: 9-10). Ете го прапочетокот и ете го влијанието: усните кажувања, кои во случајов се поврзани со роднокрајната историја и легенди. Оваа Стерна, за која пишувал уште и Марко Цепенков, години и години station наназад, подземната вода што ги заплашува прилепчани и околијата со векови, и денес продолжува да ги возбудува духовите на граѓаните и селаните од тој реон. „Ами моите стари зер не се плашат од Стерна што ја правел Марко Крале под Маркови кули, и што ја затнал водата со не знам колку арари со бубаќ и ковани со бруќе колку еден аршин големи, та ја затнал водата и го куртулисал Прилепското поле да не стане како Охридското Езеро“, пишува Цепенков, цитат што Конески го употребил како вовед во „Стерна“.

Интересно е што во толку сув крај постои легенда што ги застрашувала луѓето со потоп, чија основа ја доведуваме во врска со универзалниот архетип за Ноевиот потоп, или со потопите од старите цивилизации во Сумер, Акад (Месопотамија) и излевањето на Нил. Појавата на затворена вода која чека да избие во одреден момент како легенда ја има и на уште едно друго место, само десетина километри од Марковите Кули и Златоврв, во месноста денес позната како Баботино (Боботино). Според преданијата што му ги раскажуваа на авторот на овие редови повеќемина селани од околните Бело Поле, Вранче, Кутлешево и Новоселани, под малиот рид во средината на Прилепското Поле од искони постоела вода, која можела да ја поплави цела Пелагонија. Самиот термин Баботино е доведен во врска со подземната вода, водата што баботи, од каде што потекнува името на месноста. Со оваа информација

ќе ја завршам малата дигресија во однос на подземните води, односно на Стерната, а во прилог ќе наведам неколку стихови од песната на Конески кои се однесуваат токму на овој постојан извор на опасност: „Сите спијат, а јас го загубив сонот. / Ми бучи стерната в уши како никогаш, / Како да претекла сета во мене, / Овде, в гради, / И по дамарите / Ми приидуваат темните подземни водје / Без починка, / Како јас да ја создавам Стерната / И треба да го изречам нејзиниот збор. /Наслушувам: / Таа расте. / Таа го чека само својот час – / Да биде глуво и спокојно и темно кога ќе рикне, / Ќе се оттиши, / Ќе гргне, да поклопи, да подави, да повлече, / Да се успокои во ширината“ („Стерна“).

Како што знаеме, песната „Стерна“ е дел од циклусот на Конески за Крале Марко, кој го сочинуваат уште и песните: „Одземање на силата“, „Кале“, „Марковиот манастир“ и „Песјо брдце“, напишани во периодот меѓу 1960 и 1980 година. Бидејќи анализи и значења на овие песни правеле повеќемина проследувачи на делото на Конески, нема да се навраќам на нив од книжевен и јазичен аспект, туку само ќе го евидентирам физичкото и духовното присуство на Марковите Кули и Марко Крале во нив. Значи, слично како и кај „Стерна“, на почетокот на „Одземање на силата“ е даден еден вид пролог, извадок од народна легенда посветена на Марко Крале и Господ, исплашен од Марко, му оставил само третина од силата: „Преправен на питач, Господ го пречека Марка Кралета крај патот. Во една торба беше ја збрал тежината на сета земја. ‘Синко, стар сум, поткрени ми ја торбава на рамо’. Марко ја подзеде со врвот на копјето и земјата се затресе. ‘Што сум сторил јас?’ си рече Господ во себе. И му ја остави само третината од силата.“ Иако во самата песна никаде не се споменува ниту Марко, ниту Кулите, Конески веќе ги распределил улогите, тој јасно го оцртал влијанието на народното творештво во однос на Крале Марко и неговото седиште, Марковите Кули. Во „Кале“ Конески пее: „Проклета / да е твојата вистина, Марко Крале, / што нè доведе до крајот / до последната желба“ („Кале“). „Марковиот манастир“, пак, го прикажува Марко како човек што сакал да се искупи за своите гревови: „За гревот, за седумдесетте деца што умреа кога го ѕидаа Калето, Марко направи седумдесет цркви.“ Последната песна од овој циклус се однесува на месност во непосредна близина на Варош, место што го крие погледот кон/од Прилеп, кон/од западните села. Оставам самиот наслов на песната да зборува за себе.

На крајот, но не и неважен, го наоѓаме дијалогот на Конески и со средновековното фреско-сликарство. Владимир Мартиновски нуди

анализа на улогата на фрескописот со поезијата и улогата на средновековната уметност во есеистиката на Конески. Притоа, Мартиновски се задржува на односот на Конески кон фреските во катедралната црква „Св. Софија“ во Охрид, црквата „Св. Димитрија“ во Маркова Сушица, Скопско и црквата „Св. Пантелејмон“ во Нерези: „Основната причина за совпаѓањата во творечкиот процес, и покрај разликите во уметничкиот медиум, Блаже Конески ја лоцира во односот кон традицијата и во рамките на средновековната ликовна практика и во рамките на својот однос кон фолклорната традиција, гледана низ призма на ‘јазикотворечката дејност на колективот’. Така, поетот Конески, во овој есеј, препознава суштински совпаѓања меѓу сопствената поетска практика и онаа на средновековните ликовни творци – зографи“ (Мартиновски, 2012: 62–70). Љубопитството и интересот на Конески кон средновековните цркви и манастири овојпат го доведуваме во врска со влијанието што го имала околината врз младото момче. Архетипот за опејувањето на ангелите и светлините, за фреските на нашите цркви, кај Конески лежи во манастирот „Св. Архангел Михаил“. Овој манастир се наоѓа на мошне пристапен терен, лесно достапен како за верниците така и за обичните посетители. За разлика од манастирот „Успение на пресвета Богородица“, односно Трескавец, кој се наоѓа на крајно недостапен терен и на поголема надморска височина, по преселбата од Небрегово во Прилеп Блаже можел слободно да го обиколува и да го истражува фреско-сликарството. Потврда на оваа констатација се наоѓа во исказот на Конески, кој во трети клас гимназија добил домашна задача по историја. Тој решил да направи состав за Марковите Кули и за манастирот Свети Архангел на Варош. Тој одел таму и опишувал. Ги копирал и натписите на фреските на крал Волкашин и на крал Марко, кои во тоа време добро се читале (Андреевски, 1991: 59). Тоа е смел потфат, особено за момче што немало филолошка и сликарска наобразба. Но, ако се знае дека во детството, заедно со други деца, ги пасел магарињата во топлите летни попладниња по ледините под Маркукуле или Зелник, Конески веќе впил дел од енергијата што зрачи од прастарите камења врз кои биле изградени Кулите на Марко.

Вториот маркер што го одредивме му припаѓа на Златоврв. Станува збор за планински врв на планината Злато, под чија непосредна висина се наоѓа едно од најстарите христијански светилишта во Македонија, манастирот „Успение на Пресвета Богородица“, попознат како Трескавец. Според една од легендите, своето име врвот го добил поради

отсјајот на сонцето од голите карпи, при што се чинело дека од него блескало злато. Во времето на Конески пристапот до Златоврв и до манастирот бил особено тежок, бидејќи тие се наоѓаат на голема надморска височина, која изгледа како директно да избива од Прилепското Поле. И тогаш, помалку денес, местото како да е обвиено со некоја магија, има некоја чудна привлечност, енергија што знае да занесе, особено по искачувањето и погледот надолу, при што како на дланка се распослала Пелагонија. Оттука се гледаат и селата што се наоѓаат зад Златоврв, вклучително и родното Небрегово на Конески. Затоа, не е случајно што тој една од своите збирки песни ја насловил според името на врвот – „Златоврв". Средбата со него Конески ја доживува како средба со близок роднина, како со личност, а не како со една обична маса земја и камења. Во првата песна „Златоврв" пее: „Пак сум на Плетвар. / Ене го Златоврв! / Во синевината се извишил / пругоре в небо / и за секогаш. Како со благослов да ме пречекува. / Здравствуј, Златоврв, / бдителу вечен / над лулки свадби и закопи / овде / во мојот крај!" Завршниот стих на Конески претставува крик, тој како на лична своина му се обраќа на родниот крај. Во иста насока продолжува и во другите делови на песната, каде што и заклучува: „Сепак сум некако сврзан со тебе, / сурова грамадо од карпи, / камена камбано!", за да заврши со збогувањето – „како да сме браќа".

Златоврв е тема и на прозни и есеистички искази на Конески, како и во интервјуата што ги водел со Цане Андреевски. Во расказот „Блаже и Доста" Конески опишува еден ден по враќањето од „манастирот високо горе в планина", чиј празник бил Мала Богородица. Иако изречно не ја споменува ниту планината ниту манастирот, приказите јасно покажуваат дека се работи за Златоврв и за Трескавец, чиј патрон е Божјата Мајка, Богородица. Планината, и овојпат не по име, се споменува во расказот „Љубов". На нејзините падини се наоѓало лозјето на Соколе, никнато на топлата земја, со пријатно ветре. Со песната, „Свежина" посветена на чешмата Студено Варило под Златоврв, Конески уште повеќе ја покажува поврзаноста со камените височини од над небрегово: „Студено варило – / чешма во лескала под Златоврв/ ... / Што останало животна свежина во мене, / отаде протекува." За Конески Златоврв е неговиот врв – творечки поттик, порив, споменик.

Селото Небрегово, родното место на Блаже Конески, го означивме како посебна инспирација во неговото творештво. Просторно, овој маркер зафаќа најмалку место, но по густината и набојот на емоциите се

чини дека е најсилен. Тоа зафаќа централно место во песните: „Старата“, „Од возот“, „Видување“, „Гробови“, „Спомените“, „Селски пат“, „Семејна историја“, „Свети Никола“, „Есенско утро“, „Пчелар“, расказот „Дабот“, песната „Даб“, како и во повеќе споменувања при разговорите водени со Андреевски. Синоними на Небрегово се мајката на Конески, неговиот татко, тетките, стрините, братучедите, овчарите, пците, тутунот, возот, копите, воденицата, коњите... Сеќавањата на детството, на кучешкиот лаеж и на крекањето на жабите, на припекот, на гробовите, на тешкотиите и на игрите, сето тоа кај Конески има посебно место, кое во неговите песни и раскази се зачувало во вид на уметност.

Баба Дунавка е еден од главните ликови од детството на Блаже Конески. Таа не е само род, таа е пренесувач на народниот дух, на традицијата на македонскиот народ и од неа идниот автор бил „заразен“ со потребата да се нурне во минатото, да се слушне зборот на предците („Трофеи“, „Прасиња и корито“). Со мошне одбрани зборови тој зборува и за стрината Вета, на која ѝ има посветено песна („Закопна песна“), слично како и неколкуте творби посветени на неговите родители, мајка му Цака и татко му Ордан (две песни со наслов „Старата“, „Шесто дете“, „Пресадување“, „Преселба“, „Татко“, „Сеќавање за таткото“, „Круша дивјачка“).

Ако се навратиме на емоционалната приврзаност на Конески со родниот крај, покрај личностите, и предметите играат важна улога во создавањето на претставата за домот. Па, дури и (не)постоењето на дабот од небрешкиот синор, и неговото споменување во расказот „Дабот“ ,може да даде барел мал увид во умот на авторот и неговите чувства: „Ние сме го впиле во себе само она што ни било потребно на самите нас. Дабот ни позајмил нешто од себе за доградување на нашата личност. Неговиот исполински дух ни послужил ако не да чувствуваме и ние исправеност, цврстина, сила и гордост, тогаш да освоиме за себе една внатрешна димензија... Сето тоа било конститутивен дел на нашата душевност, а не само спомен“ (Конески, 1989: 26–27).

Во продолжение, наместо да парафразирам, ќе наведам два цитати од Конески, кои сосема доволно зборуваат за влијанието на родното место врз понатамошното негово градење како личност и како автор. За селото Конески пишува: „Селото е под планината. Поленцето е доста добро. Има еден извор што служи за наводнување на некои делови на полето.... Над селото е планината Мукос, тоа е дел на Бабуна. Има добри

пасишта. Има шума... А целото семејство со земјоделство се занимаваше“ (Андреевски, 1991: 16–17).

Со иста љубов пишува и за родната куќа: „ Меѓу соседните куќи има вратничиња, капиџици. Соседните куќи се, впрочем, од нашата поширока фамилија. Од едната страна Соколевци, од другата Јончевци. Кога ќе се влезе во дворот, куќата останува од портата десно. Таа е на кат. Има приземје и кат. Покривот се спушта, така што кон сокакот е таа пониска, изгледа ниска. Но, спрема дворот таа си е куќа на кат со дрвен балкон, примитивен. Се излегува од горниот кат на балконот. Лево е просторот за овците и козите. Потоа идат амбарите. Натаму се шири гумното, до крајот на дворот. Во еден ќош е буништето, од десно се плевната и трлото. Тука воловите се сместуваат. Има од десно копи. Сосем во дното на дворот има бунар. Тоа е прв бунар ископан во нашето село. Татко ми бил тој што го ископал тој бунар“ (Андреевски, 1991: 31).

Оттука е таа поетика на сеќавањето, лирска археологија и археологија на сеќавањето, оттука е ослушнувањето на легендите и преданијата, оттука е традицијата врз која се накалемува иновацијата со поетскиот гениј на Конески, оттука е прапочетокот на неговиот живот, творештво и физичката смрт. Токму затоа, пишувајќи за збирката песни „Црква“ на Конески, Љубиша Станковиќ утврдува „извесна носталгија во оваа поезија, стихови натопени со најнежна лирика, често враќање во убавите и најубавите мигови“ и додава: „Често е присутно детството, детските игри, мечтаењата за иднината...“ (Станковиќ, 1988: 182) А, уривањето на небрешката црква Конески го доживеал како откинување на дел од сеќавањата, како откинување на дел од душата, многу поболно од откинувањето живо место од телото. Затоа, уште во првите два стиха во песната „Црква“ тој зајавува: „Нека е проклет часот кога кажаа / дека се урива црквата во Небрегово!“ Осакатувањето на просторот со исчезнувањето на сакралниот објект за Конески не претставува обично згинување на црква, туку исчезнување на гробиштата на предците, на коледарите и василичарите, на ората и натпреварите во фрлање камен и скокање што се одвивале крај неа, на песните и смеите, а со тоа и „нашата верба во иднината“.

На крајот, како посебна тема го издвоивме градот Прилеп, но не како физичка градба, како производ на потребите на човекот да живее здружено, туку како духовно огледало на еден народ, на неговата традиција, обичаи, јазични изрази и сл. Во таа смисла, треба да го истакнеме искажувањето на Конески за тоа што подразбирал како мал,

под терминот „град“: „За градовите? Јас сум слушал за Прилеп и за Битола, тоа бил кругот во најраното детство. После сум разбрал дека оделе моите, старите, и на печалба во Белград, дека во Америка оделе. За мене во првото време, заправо, бил присутен поимот ‘град’ без некое име конкретно, а тоа е пред сѐ градот Прилеп“ (Андреевски, 1991: 20).

За првиот контакт со Прилеп Конески дава еден мошне впечатлив исказ: „Се раздени и тогаш влеговме во Прилеп. И тоа не можам да ви го опишам. Каков стрес тоа беше за мене. Во какво чудо се најдов. Бев запрепастен одеднаш.: куќи, некои долги сокаци, некои чудни предмети. Сѐ поинаку од оној амбиент на кој сум свикнал до тогаш. Луѓе се движат ваму-таму и тоа јас како една огромна опасност за себе го доживеав. Мојата средба со градот навистина ја сметам како едно големо искушение во мојот живот. И после сум патувал во нови средини, никогаш не ми било лесно. Почетокот, ми се чини, беше најтежок. Првото среќавање со градот. Не бев подготвен. И, појдовме во таа куќа. кај што се населивме. Сѐ поинаку. Двор, поинаков. Како некое живинче уплашено првите денови се чувствував. Но, сепак, ме интересира - што е околу? Прво одев до портата. Ќе наspам надвор, по нашиот сокак лево и десно што има. И, пак бегам внатре. Потоа се осмелив до првото ќоше да појдам, па гледам дека таму тие улици одат на друга страна, си има раскрсница. Почнувам да стекнувам за таа топографија некаков опит“ (Андреевски, 1991: 50).

Оттука, Прилеп како духовна средина има извршено значително влијание врз одредени дела (и спомени) на Конески: песните „Тешкото“, „Везилка“, „Хроника на Прилеп“, расказите „Љубов“, „Прочка“, „Трофеи“, односно голем дел од книгата *Дневник по многу години* и други творби.

Издвојувајќи го „Тешкото“ како една од најзначајните песни во македонската литература, веднаш треба да потенцираме дека како прв стимул за неговото создавање, според зборовите на Конески, бил токму повоениот Прилеп. Еве што бележи авторот по тој повод: „Беше стар обичај да се собираат селаните од околијата на трет ден Велигден во Прилеп... Одеднаш на ‘старото корзо’ здогледав момински танец, ‘глуво оро’ без музика. Значи, тоа не беше ‘тешкото’. Играа неколку селски девојки, во народна носија од нашиот крај, некои дури без чевли или опинци, ами по налани. Но каква сериозност беше испишана на нивните лица, како да прават свет обред! Запрев како поткосен, грабнат од некакво длабоко и нејасно насетување, како во еден миг да го доживеав сето што подоцна ќе треба да го кажам во песната“ (Конески, 1993: 120).

Настанокот на „Везилка“ има своја приказна поврзана со Небрегово. Пишувајќи му на уредникот на *Школски час*, В. Станковиќ, Конески дава опис на родното село и на селските носии со богати везови од полските села. Сеќавањата за овие везови долго време останале во мислите на Конески, кога „патувајќи со воз за Прилеп, погледнав во еден момент низ прозорец право во синото небо. Ми се стори како на него да гледам еден мотив од народниот вез. Се јави, значи, една од оние слики што ќе бидат вклучени во мојата идна песна“ (Конески, 1993: 122).

Сметаме дека овие два примери се сосема доволни за накратко да дадеме слика за улогата на градот во творештвото на Конески. Значи, како што можевме да видиме, присуството на Прилеп, Небрегово и, воопшто, Прилепскиот Крај, кај него можеме да го согледаме во есеистичките текстови, расказите, песните, во разговорите водени со Цане Андреевски и на други места. Токму затоа ќе направиме и една поделба на творештвото на Конески. Така, во прилог ќе наведеме повеќе примери кога Конески експлицитно и имплицитно се врзува за родниот крај:

а) експлицитно: во расказот „Љубов“ е опишана берберницата на Туте, која се наоѓала во прилепската чаршија; расказот „Трофеи“, во кој бабата Дунавка собирала трофеи од германското повлекување од Прилеп за време на НОБ; расказот „Солидарност“, за чистењето на чевлите во Прилеп. Ќе наведеме и повеќе песни: „Сончева колона“ е посветена на неговиот загинат братучед Цане, 1942 година на планината Мукос; „Црква“ е посветена на црквата во Небрегово; „Вангел“ е посветена на Вангел од Варошко Маало, во која се споменува и „средочна вода“ на Маркукуле; „Ѕвезди“ – за неговиот пат со кирациска кола од/кон тиквешкото село Раец; во „Златоврв“ опејува еден од највисоките врвови во Прилепско, Златоврв, попатно споменувајќи го и Плетвар; во „Селски пат“се споменува роднината Соколе и месноста Сивец; „Видување“ – за стрикото Петруш од Дреновци; „Свежина“ – посветена на чешмата Студено Варило под Златоврв; „Хроника на Прилеп“, во која се споменуваат Тројаци, Никодин, Мукос, Прилепец и Песјо Брдце; „Диви гуски“ – за крикот на дивите гуски над Небрегово; „Шесто дете“ – посветена на мајка му и баба му од Дреновци; „Тетин Ристе“, во која се споменува Прилеп и Пелагонија; „Срцето на Борка Талески“, посветена на загинатиот револуционер Борка Талески во Прилепско и други. Во оваа група творби ги сместуваме и песните од циклусот за Крале Марко: „Одземање на силата“, во која во воведот се споменува (Крали) Марко (иако во самата песна него го нема), како и „Стерна“, во која во воведот

ги споменува Марковите Кули (иако во телото на песната тие не се споменуваат).

б) имплицитно: расказот „Потез“ – играњето шах (Блаже постојано играл шах, па дури и одел на турнири, каде што ги бранел боите на Прилеп); расказот „Насилство“ напишан по повод навредите во школувањето на две Турчиња во Прилеп. По истиот повод е напишана песната „Навреди“. Следуваат песните: „Песна за маслинките“, во која е опишан амбиентот на пристигнувањето на малиот Блаже од село во големиот град – Прилеп; „Враќање“ – за враќањето во родниот град; „Од возот“ се однесува на родниот крај на Конески; „Пчелар“ – за неговото селско детство; „Старата“ – за неговата мајка; „Чувари“ – за спомените од неговата младост; „Гробови“ – за гробовите на предците; „Нова Година 1992“ е посветена на предците и на Коце Солунски; „Сеќавање за таткото“ – за истрајноста; „Чувари“ – за ненарушувањето на мигот на сеќавањата; „Семејна историја“ и „Свети Никола“ – за пречекувањето гости на домашната слава; „Успение на тетка Менка“ – за стишувањето на еден живот; „Есенско утро“ – за едно влажно утро на селските гробишта, како и песните „Закопна песна“, „Везилка“ и „Тешкото“ и други.

Исто така, поделба би можеле да направиме и во однос на жанровите каде што Конески се осврнувал на родниот крај на поезија и белетристичко-есеистички текстови, односно спомени и сеќавања.

а) Песни: „Сончева колона“, „Црква“, „Вангел“, „Шесто дете“, „Ѕвезди“, „Одземање на силата“, „Стерна“, „Навреди“, „Песна за маслинките“, „Враќање“, „Од возот“, „Пчелар“, „Старата“, „Чувари“, „Закопна песна“, „Везилка“, „Тешкото“, „Селски пат“, „Свежина“, „Златоврв“, „Нова Година 1992“, „Хроника на Прилеп“, „Диви гуски“, „Семејна историја“, „Свети Никола“ и други.

б) Белетристичко-есеистички текстови, односно спомени и сеќавања: расказите - „Љубов“, „Потез“, „Дабот“, „Трофеи“, „Блаже и Доста“, „Насилство“, дневничките записи *Дневник по многу години*, книгата со интервјуа од Цане Андреевски *Разговори со Конески* и други. Навистина, Конески пишувал и за други места[1], но како што може да се

[1] Како примери ќе ги издвоиме насловите што мошне јасно кажуваат на што се однесуваат песните: „Пролетна вечер“ за скопските петли, „Проштавање од Париз“, „Песна на лозите во лозјата на Водно“, „Водно“, „Ангелот на Света Софија“ за Охрид, „Дојран“, „Охрид“, „Куманово“, „Караорман“, „Скопје“, „Спомен за Славеј“, „Штип“, лирскиот запис „Беласица“ итн.

види, едно од централните места во неговото творештво е токму родниот крај.

Во творештвото на Конески се застапени голем број лични имиња. Од бројните ликови што ги сретнуваме кај него ќе ги издвоиме: Коце Солунски, Илмија, Рамадан од Канатларци, Ибраим, Алија, баба му Дунавка, дедото Ристе, пците Шаро и Мурџо, Методија Соколовски, Борка Талески, Трајко овчарот, Боца другарката од Небрегово, вујко му Крсте Чукајади и брат му Коне, мачорот Султан, коњот Алче, Ѓуптинот Алчо, Марко Цепенков, братучедите Атанас и Цане, братучедот Миле, братучедот Димче, братучедот Тоде, тетин Ристе, внукот Влатко, Стеван Василевски, Бошко Бабиќ, Волче Наумчески, Љубен Лапе, стрина Вета и други.

Од географските имиња ќе ги наведеме следниве: Небрегово, Прилеп, Канатларци, Десово, сртовите Бабуна, Сивец, Липа, Златоврв, Сурун, потоа Мукос, Маркукуле, Заград, прилепскиот Ат-пазар, Плетвар, Селечка (Планина), месноста Зеленик, Дабница, Песјо Брдце (Песјобрце), Црвени Стени, Присад, Дервен, Долнени, Мариово, месноста Влашки Трла и други.

Од спомените од родниот крај кои длабоко му се врежале во сеќавањата на Конески ќе наведеме само неколку, бидејќи во голем број негови текстови наоѓаме такви моменти: шарените коскени ножиња од Пазарот во Прилеп, сергијата со чешели, ножови и ѕвонци, селанецот што избира клопотарец за угичот на своето стадо, зелените пасишта на Мукос со распрснати стада овци, чистачот на чевли во прилепската чаршија, за школувањето на младите Турчиња во Прилеп, за фамилијарните воени трофеи на баба му Дунавка, сокачето во Небрегово каде што играле со големиот камен белутрак, првиот обид да се запознае градот, гледањето на ѕвезденото небо по патот за Прилеп, тесните градски сокачиња што предизвикувале страв, чудесното зајдисонце зад Дреновечката Планина, бавчата, рекичката и старата напуштена воденица, играњето шах до премора и други.

Од сеќавањата поврзани со неговата преселба и живеење во Прилеп ќе ги издвоиме: Соколаната, дрвената барака на школската поликлиника, участокот, Тутунскиот институт, Пиварницата, ископини на стариот Прилеп, пазарот, Могилата на непобедените, Ќумкот, чаршијата, берберницата на Туте, Старо Крзо и други.

Всушност, да се потсетиме на зборовите на самиот Конески, кој во неколку реченици дава прекрасен опис, изнесува низа сеќавања што не се

само голи спомени, туку по стотици пати преживувани прелети од минатото: „Јас имам еден добар ориентир кога се работи за детството. До седмата година сум живеел на село, во Небрегово, а од седмата во Прилеп. Имам доста впечатоци, сеќавања... Татко ми ме носи сред село. Уште не е разденето. Зима. Уште е ноќ. Распален силен оган. Татко ми ме држи за рацете. Тоа се сеќавам. А, се сеќавам, да речеме, и за тоа - како мојата стрина Вета, за која јас заправо бев многу приврзан, повеќе отколку за мајка ми, таа всушност и ме одгледа, ме носи, исто зиме, на рекчето да го поиме коњот. Јас сум качен на коњот. Се сеќавам како таа го крши мразот, коњот пие вода. Се сеќавам на кучињата. Имавме овчарски пци, Мурџо и Шаро. И сега можам да ги замислам какви беа... За нашиот овчар Трајко, за овците, коњите, воловите. За тоа, како се враќаа прасињата навечер од пасење и трчаа на коритцето да јадат помија...“ и да завршиме со зборовите: „Јас си мислев дека светот завршува со венецот на планините околу Небрегово“ (Андреевски, 1991: 11–13).

Што се однесува до влијанието на одредени личности поврзани со родниот крај, ќе издвоиме двајца негови другари кон кои Конески негувал посебни чувства. Првиот многу важен лик со кој Конески неразделно бил поврзан во детството и во подоцнежните години бил Коце Солунски[2]. Штотуку преселен во Прилеп, Блаже бил опкружен со непознатото, па за малото чувствително детенце настанале маки при одењето на првиот училиштен час во градот. Еве како го опишува Конески моментот на првата средба со Коце: „Сега, доаѓа веднаш потребата да одам на училиште. Мајка ми ме подготвува, ме носи до портата. А јас, како ќе одам, како ќе одам? И просто тука почнав да плачам - не, не можам да одам. Почнав да плачам и во тој момент едно дете, на налани, оди покрај куќите, по тротоарчето од калдрма, и вели - јас ќе те водам. Тоа дете во истото училиште оди и тоа дете да ти биде Коце Солунски. (Се смее). Ме зеде за рака... Ме зеде за рака и ме однесе тој в училиште и заедно седевме во иста клупа. Така да кажам, бевме неразделни во целото, натаму, основно училиште. После тој не продолжи школување. Јас отидов в гимназија, тој отиде на занает. Но, бевме неразделни. И, ете Коце е себап јас да се престрашам“ (Андреевски, 1991: 50). Во чест и во спомен на седумдесеттиот роденден на Коце Солунски (30 март 1922 година), Конески ја напишал и ја објавил песната „Нова година 1992“, објавена како прва песна во збирката *Црн овен* од 1993 година.

[2] Коце Солунски (1922–2007) роден во Прилеп, подоцна бил член на ДПМ, уредник во списанието *Стремеж* и автор на неколку поетски и прозни дела.

Во втора година гимназија Конески се спријателил со Борка Талески[3]. Од него Блаже првпат слушнал за Гоце Делчев и за Илинденското востание, бидејќи на училиште не се зборувало за нив. Според Конески, во младоста и понатаму Борка Талески му бил некој вид идол и извршил големо влијание врз него. Во негов спомен тој ја напишал песната „Срцето на Борка Талески". Во списанието *Разгледи* насловена како „Сеќавања за Борка Талески: (писмо до неговата сестра Вера) Скопје, 22. и 23. ноември 1991", Конески пишува: „Меѓу сето што сум го напишал за Борка најважна е песната 'Срцето на Борка Талески', објавена во мојата збирка 'Чешмите' (1984). Ако ни останува надеж во иднината, една добра песна значи за споменот на еден човек многу повеќе отколку бројни страници на публицистичка и мемоарска проза. Прочитај ја", ѝ се обраќа Конески на сестрата на Борка, Вера (Конески, 1992: 213–221).

Треба да се одбележи и уште еден факт. Подоцна, кога Конески станал еден од најзначајните фактори во интелектуалните кругови, тој повеќепати своите гости, домашни и странски, ги носел во неговата и родителска куќа во Прилеп, па дури и кога таа добила нови сопственици и жители. Оттаму, кога Конески се сеќава, разговара и пишува за родниот крај, пишува за „мојот Прилеп", околните планини се негови „браќа", а Небрегово со малата црквичка „наша верба во иднината" и „наша надеж во бериќетот".

На овој начин се обидовме да дадеме еден преглед на творештвото поврзано со родниот крај на еден од најзначајните македонски писатели и научници од XX век, Блаже Конески. Понудените маркери: Златоврв, Марко Крале со Марковите Кули, Небрегово со својот атар и градот Прилеп само го потврдуваат нашето сознание дека голем дел од неговите дела, како и некои од најзначајните творби во македонската книжевност произлезени од перото на Конески, се однесуваат и се напишани под директно влијание на традициите и сеќавања на авторот од неговиот роден крај и неговата младост. Кон презентираните песни, раскази, есеи и други дела, несомнено можеме да придодадеме уште повеќе наслови, но сметаме дека и овие што се понудени јасно ги покажуваат и ги изразуваат чувствата на овој македонски великан на пишаниот збор.

[3] Борка Талески (1921–1942), роден во Прилеп, народен херој на Македонија, загинал по извршено предавство, убиен од фашистичкиот окупатор во близина на Прилеп.

**Литература (селективна):**

Андоновски, Венко. 2000. *Дешифрирања (литературни студии).* Штрк, Скопје.

Андреевски, Цане. 1991. *Разговори со Конески*. Култура, Скопје.

*Блаже Конески (осумдесет години од раѓањето)*. 2002. Институт за македонска литература, Скопје.

Вангелов, Атанас. 2002. „Македонизмот на Конески", во: *Блаже Конески, осумдесет години од раѓањето*. ИМЛ, Скопје.

Вангелов, Атанас. 1981. *Литературни студии*. Мисла, Скопје.

*Делото на Блаже Конески (остварувања и перспективи)*. 2002. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Конески, Блаже. 1992. „Сеќавања за Борка Талески: (писмо до неговата сестра Вера) Скопје, 22. и 23. ноември 1991". Во: *Разгледи*, Скопје.

Конески, Блаже. 1993. *Во светот на песната и легендата, есеи и прилози.* „Гоце Делчев", Скопје.

Конески, Блаже. 1989. „Дабот". Во: *Златоврв*. Македонска книга, Скопје.

Конески, Блаже. 1987. *Ликови и теми*. Македонска книга, Скопје.

Мартиноска, Ана. 2012. *Конески и фолклорот*. ИМЛ, Скопје.

Мартиновски, Владимир. 2012. „Дијалогот на Блаже Конески со средновековниот фрескопис". Во: *Филолошки студии*, бр. 10.

*Меѓународен научен симпозиум Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура*. 2012. УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје.

Мицковиќ, Слободан. 1986. *Поетските идеи на Конески*. Наша книга, Скопје.

Станковиќ, Љубиша. 1988. „Црквата-метафора за детството и зрелото доба". Во: *Личности и дела.* „Мисирков", Битола.

# BLAZHE KONESKI’S BIRTHPLACE AS INSPIRATION FOR HIS POETRY

**Slavcho Koviloski**

**Summary**

In this study we provide an overview of the work related to the birthplace of one of the most significant Macedonian writers and scientists of the 20th century, Blazhe Koneski. The offered markers Zlatovrv, King Marko and Marko’s Towers, Nebregovo and its area, and the town of Prilep only confirm our understanding that a large part of his works, as well as some of the most significant works in Macedonian literature, written by Koneski, refer to, and are written under the direct influence of the traditions and memories of the author from his native land and his youth.